**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**
**Су- 66/20**
**23.03.2020 година**
**Битола**

Поради актуелната состојба, како и зголемениот интерес на пошироката јавност, Основен суд Битола, го издава следното

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Врз основа на поднесени предлози за издавање на казнен налог, од страна на ОЈО Битола, за сторени кривични дела ,,Непостапување според здравствени прописи за време на епидемија,, од чл.206 ст.1 од КЗ, Основиот суд Битола :

- на ден 18.03.2020 година донесе една пресуда со која пет лица се огласени за виновни за наведеното кривично дело и осудени на парична казна од по 100 дневни глоби, во вкупна денарска противвредност од по 123.000,оо денари.

Наведените кривични дела обвинетите ги сториле на начин што, постапиле спротивно на Решенијата на Државен санитарен и здравствен инспекторат со кои биле определени мерки за сузбивање или спречување на епидемијата на заразната болест предизвикана од корона вирус-спроведување на задолжителна домашна самоизолација во траење од 14 дена.

- на ден 20.03.2020 година донесе една пресуда со која три лица се огласени за виновни за наведеното кривично дело и осудени на парична казна од по 100 дневни глоби, во вкупна денарска противвредност од по 246.000,оо денари.

Наведените кривични дела обвинетите ги сториле на начин што, не постапиле согласно донесени мерки и заклучоци од 15-та седница на Влада на РСМ од 10.03.2020 година, со воведување задолжителна самоизолацијата на лица кои доаѓаат од високо и средно ризични држави во период од 14 дена , односно истите го напуштале станот во кој живееле.

**ОСНОВЕН СУД БИТОЛА**

за подетални информации обратете се на : info@osbitola.mk